# З А К О Н
# ЗА ГРАДЕЖНИТЕ ПРОИЗВОДИ

## Редакциски пречистен текст[1]

ГЛАВА I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на законот

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите за пуштање на градежните производи на пазар со изјава за својства, означувањето со „СЕ" ознака, условите за пуштање на пазар на градежен производ од нехармонизираното подрачје, обврските на економските оператори, хармонизираните технички спецификации, основањето и работењето на Тела за техничка оцена и именуваните тела, надзор и контрола на пазарот.

### Член 2

Одредбите од овој закон се применуваат за градежните производи за кои има технички спецификации согласно со овој закон.

**Членот 3 е избришан,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за градежните производи ("Службен весник на РМ" бр.120/18).

### Дефиниции

### Член 4

Одделни изрази употребени во овој закон, го имаат следново значење:

1. „Акредитација" е постапка со која се врши потврдување од страна на националното тело за акредитација дека определено тело за оцена на сообразноста ги задоволува барањата утврдени со хармонизираните национални стандарди и каде што тоа е применливо, сите дополнителни барања, вклучително и оние предвидени во релевантните секторски шеми за акредитација, потребни за вршење на специфична дејност за оцена на сообразност, согласно со Законот за акредитација;

2. „Градежен производ" е секој производ или група на производи, произведени и пуштени на пазарот за трајно вградување во градежните објекти или делови од нив, а чии својства имаат ефект врз својствата на градежните објекти во согласност со основните барања за градежни објекти согласно со членот 5 од овој закон;

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за градежните производи, ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во „Службен весник на РМ" бр.104/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за градежните производи, објавен во „Службен весник на РМ" бр.192/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за градежните производи, објавен во „Службен весник на РМ" бр.53/16, Законот за изменување и дополнување на Законот за градежните производи, објавен во „Службен весник на РМ" бр.120/18 и Законот за изменување и дополнување на Законот за градежните производи, објавен во „Службен весник на РСМ" бр.150/21, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

3. „Градежни објекти‟ се градби определени согласно со Законот за градење, односно се што настанало со изработка и е поврзано со земјиштето, а претставува физичка, техничко-технолошка и градежна целина заедно со изградените инсталации, односно опрема;

4. „Гранично ниво‟ е минимално или максимално ниво на својствата на градежниот производ, на една суштинска карактеристика на градежен производ;

5. „Група на производи‟ се градежни производи пуштени на пазарот од страна на единствен производител како група од најмалку две одделни компоненти кои треба да се состават заедно за да се вградат во градежните објекти;

6. „Дистрибутер‟ е секое физичко или правно лице во ланецот на производи кое производот го става достапен на пазарот, а не е производител или увозник;

7. „Достапност на пазарот‟ е активност со која градежниот производ се дистрибуира или е за употреба на пазарот во Република Северна Македонија и преку економски оператори е ставен на пазарот без оглед дали е со плаќање или без плаќање на надоместок;

8. „Европска техничка оцена‟ (ЕТА) е документ за оцена на својствата на градежниот производ, во врска со неговите суштински карактеристики, а во согласност со соодветниот Европски документ за оцена;

9. „Европски документ за оцена‟ (EAD) е документ кој го издал организацијата на ТАВ со цел издавање на техничка оцена (ЕТА);

10. „Економски оператор‟ е правно лице кое при вршење на активност може да биде производител, увозник, дистрибутер или овластен застапник;

11. „Животен циклус‟ се последователни и меѓусебно поврзани фази на употреба на градежниот производ, од набавка на суровина или обезбедување на суров материјал од природни ресурси до крајно отстранување;

12. „Класа‟ е нивото на својствата на градежниот производ, ограничен со минимална и максимална вредност на својствата на градежниот производ согласно со хармонизираните стандарди;

13. „Контрола на фабричко производство‟ (FPC) е активност на постојана внатрешна контрола на производство во фабрика, во согласност со соодветните хармонизирани технички спецификации;

14. „Лабораторија за тестирање‟ е именувана лабораторија од Министерството за економија, овластена за извршување на задачите од трета страна во процесот на оцена и потврда на постојаноста на својствата, која мери, преиспитува, тестира, одредува вредност или на друг начин ги определува карактеристиките или својствата на материјалите на градежните производи;

15. „Македонски национален стандард‟ е стандард, кој го донел Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, во согласност со Законот за стандардизација;

16. „Нехармонизирано подрачје‟ е подрачје во кое производ се пушта на пазарот, а за кој не постои техничка спецификација;

17. „Ниво‟ е резултат од оцена на својствата на градежниот производ во врска со неговите суштински карактеристики, искажан преку бројна вредност;

17-а.„Нотифицирано тело‟ е тело вклучено во процесот на оцена на сообразност, кое е овластено и пријавено нотифицирано тело до Европската комисија од страна на Министерството за економија;

18. „Овластен застапник" е секое физичко или правно лице основано во Република Северна Македонија што има писмено овластување од производителот да постапува во негово име за определени задачи, во согласност со одредбите од овој закон;

19. „Отстранување" е секоја мерка за враќање на градежен производ кој што веќе бил достапен на крајниот корисник;

20. „Планирана употреба" е употреба на градежниот производ во согласност со соодветните хармонизирани технички спецификации;

21. „Повлекување" е секоја мерка во ланецот на снабдување која има за цел спречување еден градежен производ да биде достапен на пазарот;

22. „Посебна техничка документација" е документација која покажува дека методите во рамки на применливиот систем за оцена и потврда на постојаноста на својствата е заменета со други методи, доколку добиените резултати од другите методи се исти со резултатите кои се добиени со методите за тестирање на соодветниот хармонизиран стандард;

23. „Производител" е секое физичко или правно лице кое што произведува градежен производ, или го препродава под свое име или трговска марка градежниот производ произведен од друг производител;

24. „Пуштање на пазарот" значи дека производот за првпат е достапен на пазарот;

25. „Својства на градежниот производ" се својства кои треба да ги има градежниот производ согласно со хармонизираните технички спецификации или технички прописи за нехармонизирано подрачје, а поврзани со соодветните суштински карактеристики, искажани преку ниво, класа или описно;

26. „Суштински карактеристики" се оние карактеристики на градежниот производ за кои е потребно да ги исполнат основните барања за градежните објекти, дадени во техничките спецификации;

26-а. „Тело за оцена на сообразност" е тело вклучено во процесот на оцена на сообразност, кое се овластува од страна на Министерството за економија, за извршување на задачи како трета страна во процесот на оцена и потврда на постојаноста на својствата на градежниот производ;

27. „Тело за сертификација на производот" е независно именувано тело за сертификација именувано од Министерството за економија, што врши оцена и издава потврда за постојаност на својствата на градежниот производ;

28. „Тело за техничка оцена" е независно именувано тело, именувано од Министерството за економија, кое врши оцена и издава Европска техничка оцена за еден производ или за група производи;

29. „Тип на производ" се група градежни производи со нивоа или класи на својствата на еден градежен производ, во врска со неговите суштински карактеристики, произведен со употреба на сурови материјали или други елементи во производствен процес;

30. „Увозник" е секое физичко или правно лице основано во Република Северна Македонија кое на пазарот во Република Северна Македонија пушта производ од друга земја на негова сметка;

31. „Хармонизиран стандард" е европски стандард кој е донесен од европските тела за стандардизација на барање на Европската комисија со кој се овозможува усогласување на производите, услугите или процесите со законските одредби и истиот се објавува во „Службен весник на Европската унија";

32. „Хармонизирана техничка спецификација" е документ кој ги пропишува суштинските карактеристики (техничките барања) што треба да ги исполни еден производ, пропишани во хармонизираните стандарди или во Европски документ за оцена (EAD) и

33. „CE – ознака" е ознака со која се потвдува дека градежниот производ е во согласност со издадената изјава за својства.

ГЛАВА II
ОСНОВНИ БАРАЊА

## Основни барања за градежните објекти и суштински карактеристики на градежните производи

### Член 5

(1) Градежните производи може да се пуштаат на пазарот само ако се соодветни со нивната планирана употреба, што подразбира, објектите во кои производите ќе бидат вградени мора да ги исполнуваат следниве основни барања:

1. Механичка отпорност и стабилност;
2. Безбедност во случај на пожар;
3. Хигиена, здравје и животна средина;
4. Безбедност и достапност при употреба;
5. Заштита од бучава;
6. Заштеда на енергија на задржување на топлина и
7. Одржлива употреба на природни ресурси.

(2) Основните барања кои треба да ги исполнат градежните објекти се утврдени во прописите од областа на градење.

(3) Суштински карактеристики на градежните производи треба да бидат утврдени во хармонозирани технички спецификации кои произлегуваат од основните барања за градежните објекти.

## Надлежен орган за градежните производи

### Член 6

(1) Надлежен орган за спроведување на Законот за градежните производи е Министерството надлежно за работите од областа на економијата (во натамошниот текст: Министерството).

(2) Министерството е контакт точка за градежните производи во согласност со овој закон.

(3) Министерството, заради пуштање на пазар на градежните производи и исполнување на суштинските карактеристики на градежните производи е надлежно за:

- именување на тела вклучени во процесот за оцена и потврда на постојаност на својствата,
- пријавување - нотифицирање на именуваните тела во Европската комисија, кои се вклучени во процесот на оцена на сообразност и
- именување на Тела за техничка оцена (во натамошниот текст: TABs).

**Член 7**

(1) За вршење на работи кои се однесуваат на прашања поврзани со пуштање на пазар на градежните производи и спроведување на активности на Министерството согласно со членот 6 став (1) од овој закон, како и за советување на Министерството во врска со членството на Република Северна Македонија во Постојаниот комитет за градежништво од член 49 од овој закон, министерот надлежен за работите од областа на економијата (во натамошниот текст: министер) формира Комисија за градежни производи.

(2) Комисијата за градежните производи е составена од девет членови и тоа по еден член од Министерството, министерството надлежно за работите од областа на градежништвото, Државниот пазарен инспекторат, Институтот за стардардизација на Република Северна Македонија, Организацијата на потрошувачи на Република Северна Македонија, два члена од именуваните акредитирани тела и два члена од научниот кадар од универзитетите во областа на градежништвото.

(3) Со Комисијата за градежни производи претседава претседател кој го назначува министерот.

(4) Комисијата за градежните производи ги разгледува сите доставени информации во врска со градежните производи од аспект на примената на техничките прописи и сообразноста на производите со техничките прописи и тоа по видови на производи или по видови на опасност и предлага донесување на мерки за отстранување, односно намалување на опасноста поврзана со градежните производи.

(5) Комисијата за градежните производи ги поттикнува и поддржува доброволните активности на производителите и дистрибутерите во врска со безбедноста на производите и го зема во предвид научното и техничкото знаење во врска со сигурноста на градежните производи.

(6) Комисијата за градежните производи дава препорака за системот за оцена и потврда на постојаност на својствата на градежниот производ, по која ќе се сертифицира градежниот производ во нехармонизираното подрачје, согласно со постапките утврдени во членот 31-а од овој закон.

(7) Во однос на работите кои Министерството ги врши како контакт точка, Комисијата за градежни производи ги обезбедува сите информации употребувајќи транспарентни и разбирливи термини за одредбите наменети за исполнување на основните услови за градежни работи применети за планираната употреба на градежниот производ, остварува контакти со надлежните органи за надзор на пазарот, ги разгледува барањата за пуштање на пазар на одреден градежен производ и остварува контакт со именуваните тела.

(8) Начинот на работа и видовите на информации кои ги обезбедува Комисијата за градежни производи, ги пропишува министерот.

(9) Стручните и административни работи за потребите на Комисијата за градежните производи ги врши Министерството.

(10) Претседателот, членовите и стручното лице во Комисијата за својата работа добиваат надоместок согласно бројот и сложеноста на изработените предмети и одржани седници, но не повеќе од 8.000 денари месечно.

(11) Висината на надоместокот од ставот (10) на овој член со решение ја определува министерот за економија.

ГЛАВА III
ИЗЈАВА ЗА СВОЈСТВАТА И „СЕ" ОЗНАКА

**Изјава за својствата**

**Член 8**

(1) Кога градежниот производ е сообразен со хармонизирана техничка спецификација или согласно со ставот (2) на овој член производителот изготвува изјава за својствата за суштински карактеристики на градежниот производ (во натамошниот текст: изјава за својствата) кога таквиот производ го пушта на пазарот.

(2) Доколку не постојат хармонизирани технички спецификации, градежниот производ може да биде пуштен на пазарот, ако е во согласност со:

- соодветните македонски национални стандарди или
- македонските технички прописи.

(3) Со изготвување на изјава за својствата, производителот презема одговорност за сообразноста на градежниот производ. Изјавата за својствата изготвена од страна на производителот се смета дека е исправна и веродостојна, освен ако со овој закон поинаку не е уредено.

**Содржина на изјавата за својствата**

**Член 9**

(1) Изјавата за својствата содржи податоци за својствата на градежните производи кои ги исполнуваат суштинските карактеристики на овие производи во согласност со соодветните хармонизирани технички спецификации.

(2) Изјавата за својствата содржи податоци за:

а) видот на производ за кој е изготвена изјавата за својствата;

б) систем/и на оцена и потврда за постојаност на својствата на градежниот производ;

в) референтен број и датум на издавање на хармонизиран стандард или европската техничка оцена која е употребена за оцена на секоја суштинска карактеристика на градежните производи и

г) каде е применливо, референтен број на посебна потребна техничка документација и барањата за производот за кои производителот потврдува дека ги исполнува.

(3) Изјавата за својствата, освен податоците од ставот (2) на овој член, ги содржи и следните податоци:

а) планирана употреба на градежниот производ, во согласност со хармонизираната техничка спецификација;

б) список на суштински карактеристики, како што е утврдено во хармонизирана техничка спецификација за градежниот производ за пријавената планирана употреба;

в) својства на најмалку една суштинска карактеристика на градежниот производ, која е соодветна за пријавената употреба;

г) кога е применливо, својствата на градежниот производ, искажани по нивоа или класи или описно, а доколку е потребно се заснова на пресметка во врска со неговите суштински карактеристики, определени согласно прописите за спроведување на овој закон;

д) својства на суштинските карактеристики на градежниот производ, кои се поврзани со планираната употреба, земајќи ја предвид неговата употреба, кога производителот има намера да го пушти производот на пазарот;

ѓ) за утврдени суштински карактеристики за кои нема пријавено својства, се ставаат буквите "NPD" (нема определено својство) и

е) кога е издадена европска техничка оцена за производот, својствата на градежниот производ по нивоа, класи или описно во врска со сите суштински карактеристики содржани во соодветна европска техничка оцена.

(4) Во случај кога изјавата за својствата, освен податоците од ставовите (2) и (3) од овој член треба да е придружена со податоци за содржината на опасните супстанци во градежниот производ кои се дефинирани согласно со Системот на оцена и проверка на постојаноста на градежните производи во хармонизиранит стандард, согласно со Законот за хемикалии.

(5) Формата и содржината на изјавата за својствата ја пропишува министерот.

## Доставување на изјава за својствата

### Член 10

(1) Копија од изјавата за својствата на секој градежен производ кој е достапен на пазарот, се доставува на примателот на градежниот производ во хартиена или електронска форма.

(2) Составен дел на изјавата за својствата се техничките упатства.

(3) Техничките упатства особено мора да содржат известување, податоци за чување, транспорт, вградување и употреба на градежниот производ.

(4) Во техничките упатства мора да биде наведен рок до кој градежниот производ треба да биде вграден, односно известување ако тој рок не е ограничен.

(5) Техничките упатства мора да го следат секој градежен производ кој се испорачува. Кога два или повеќе исти градежни производи се испорачуваат истовремено, техничките упатства мора да го следат секој градежен производ поединечно.

(6) При испорака на градежен производ во растурена состојба, техничките упатства ја следат секоја испорака.

(7) Изјавата за својствата со техничките упатства се изготвува на македонски јазик.

## Општи начела и употреба на „СЕ" ознака

### Член 11

(1) „СЕ" ознака на градежен производ се става само од производител или од негов овластен застапник.

(2) „СЕ" ознаката треба да биде поставена на оние градежни производи за кои производителот има изготвено изјава за својствата, во согласност со членовите 8 и 9 од овој закон.

(3) Доколку не е изготвена изјава за својствата во согласност со членовите 8 и 9 од овој закон, „СЕ" ознака не се поставува.

(4) Со ставање на „СЕ" ознака на градежниот производ, производителот потврдува дека градежниот производ е сообразен со суштинските карактеристики наведени во изјавата за својствата.

(5) Се забранува ставање на ознака, знаци, или натписи на одреден градежен производ, кои би можеле доведат во заблуда, во однос на значењето или формата на „CE“ ознаката.

(6) На градежниот прозвод може да се стави друга ознака, само доколку не се намалува видливоста, читливоста и значењето на „CE“ ознаката.

(7) За градежен производ кој е усогласен со хармонизиран стандард или за кој е издадена европска техничка оцена, „CE“ ознаката е единствена ознака со која се потврдува сообразност на градежниот производ со пријавените својства согласно со неговите суштински карактеристики.

## Правила и услови за поставување на „CE“ ознака

### Член 12

(1) „CE“ ознаката се поставува видливо, читливо и неизбришливо на градежниот производ или на етикетата која е ставена на него. Во случај ако тоа не е можно, истата се поставува на пакувањето или на придружните документи кои го пратат производот.

(2) „CE“ ознаката треба да е проследена со последните две бројки од годината во која прв пат била поставена, името и регистрираното седиште на производителот или ознаката за идентификација со која полесно и без двосмисленост се идентификува името и адресата на производителот, единствениот код за идентификација на видот на производот, референтиот број на изјавата за својствата, нивото или класа на пријавените својства кои упатуваат на примена на хармонизирана техничка спецификација, број за идентификација на именуваното тело, планираната употреба како што е утврдено во применетата хармонизирана техничка спецификација.

(3) „CE“ ознаката се поставува пред да се пушти градежниот производ на пазарот. По „CE“ онаката може да се постави графички или кој било друг знак со кој јасно се назначува ризикот или начинот на употреба.

(4) Формата, содржината и начинот за поставување на „CE“ ознаката ги пропишува министерот.

## Исклучок од изготвување на изјава за својствата

### Член 12-а

По исклучок од членот 8 став (1) од овој закон, производителот не треба да изготвува изјава за својствата при пуштање на пазарот на градежниот производ опфатен со хармонизирани стандард, ако:

а) градежниот производ е поединечно произведен или изработен по нарачка во вонсериски процес според посебна нарачка и вграден во поединечно идентификувана градежна работа од страна на производител, кој е одговорен за безбедно вградување на производот во градежните објекти, во согласност со прописите од областа на градење и одредбите на овој закон и со одговорност на операторите кои ги извршуваат градежните работи согласно со прописите од областа на градењето или

б) градежниот производ е произведен на градилиштето заради негово вградување во градежните објекти во согласност со прописите од областа на градење и одредбите на овој закон и со одговорност на операторите кои ги извршуваат градежните работи за негово безбедно извршување и се проектирани според прописите од областа на градење или

в) градежниот производ е произведен на традиционален начин или на начин кој е соодветен за заштита на културното наследство и со неиндустриски процес заради соодветна реставрација на заштитени градежни објекти како дел од заштитената животна средина или поради нивната посебна архитектонска или историска вредност, во согласност со закон.

## ГЛАВА IV
## НЕХАРМОНИЗИРАНО ПОДРАЧЈЕ

### Член 13

(1) Во нехармонизирано подрачје се пропишуваат условите за пуштање или достапност на пазарот на градежниот производ кои не се во согласност со овој закон.

(2) Градежниот производ од ставот (1) на овој член може да се пушти на пазар ако е сообразен со членот 8 став (2) од овој закон.

(3) По препорака на Комисијата за градежните производи согласно со членот 7 став (6) од овој закон, министерот го пропишува системот за оцената и потврдата на постојаност на својствата на градежниот производ по кој ќе се сертифицира градежниот производ, а кој е дел од Македонскиот национален стандард од нехармонизираното подрачје, со подзаконски акт од членот 27 став (5) од овој закон.

(4) Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија согласно со подзаконскиот акт од ставот (3) на овој член и своите интерни акти и процедури постапува и го реализира соодветниот македонски стандард за градежниот производ.

(5) Нехармонизираните стандарди се усвојуваат од страна на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија.

(6) Список на национални нехармонизирани стандарди, на барање на Министерството, ги подготвува и донесува Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија.

(7) Министерството го објавува списокот на национални нехармонизирани стандарди во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

(8) Списокот на национални нехармонизирани стандарди го содржи следново:

а) датум на започнување на преодниот период и

б) датум на завршување на преодниот период.

(9) Министерството ги објавува сите промени настанати по објавување на списокот во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

(10) Од датумот на започнување на преодниот период за прилагодување кон националниот нехармонизиран стандард, економскиот оператор врз основа на документацијата на именуваното акредитирано тело за оцена за сообразност ја изготвува изјавата за својствата на градежен производ кој е опфатен со него.

**Членот 14 е избришан,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за градежните производи ("Службен весник на РМ" бр.120/18).

ГЛАВА V
ОБВРСКИ НА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ

**Обврски на производителот**

**Член 15**

(1) Производителот изготвува изјава за својствата во согласност со членовите 8 и 9 од овој закон, а „CE" ознаката се става во согласност со членовите 11 и 12 од овој закон.

(2) Производителот, врз основа на изјавата за својствата, изготвува техничко упатство за градежниот производ со кој се опишуваат сите елементи, кои се однесуваат на потребниот систем за оцена и потврда на постојаноста на својствата.

(3) Производителот е должен изјавата за својствата и техничкото упатство од ставот (2) на овој член да ја чува десет години сметано од денот на пуштањето на градежниот производ на пазарот.

(4) Производителот треба да воспостави процедури со кои се потврдуваат пријавените својства на градежните производи при сериското производство. Во случај на измени во видот на производот, производителот соодветно треба да ги земе во предвид хармонизираните технички спецификации.

(5) Производителот е обврзан во случај кога е потребно да обезбеди прецизност и постојаност на својствата на градежниот производ, да изврши тестирање на примероците на градежните производи кои се пуштени на пазарот или се достапни на пазарот, да води регистар на поплаки за градежните производи, односно регистар на несообразни и повлечени градежни производи и за тоа го информира дистрибутерот.

(6) Производителот треба да обезбеди градежниот производ да биде обележен со вид, серија или сериски број или каков било друг елемент кој овозможува негова идентификација или ако тоа не можно поради големината и природата на производот да гарантира дека бараната информација е обезбедена на пакувањето или на документот кој го придружува градежниот производ.

(7) Производителот изјавата за својствата ја поставува на производот, или кога тоа не е возможно, на пакувањето или на документот кој го придружува, како и го наведува своето регистрирано трговско име или регистрирана трговската марка и адреса за контакт.

(8) Производителот кога го пушта производот на пазарот е обврзан да обезбеди изјава за својства и техничкото упатство кои го придружуваат производот, напишани на македонски јазик.

(9) Производителот, ако се сомнева дека градежниот производ кој го пуштил на пазарот не е во согласност со изјавата за својствата или не е во согласност со одредбите од овој закон, е должен да го стави градежниот производ во сообразност, да го повлече или отстрани од пазарот. Доколку производот претставува ризик за здравјето на луѓето и животната средина, производителот веднаш го информира надлежниот орган за надзор на пазарот, со податоци за причините за несообразност, како и за сите преземени мерки за отстранување на градежниот производ кој претставува ризик.

(10) Производителот, на барање на надлежниот орган за надзор на пазарот, ги обезбедува сите податоци и документи кои се потребни за да докаже сообразност на градежниот производ со изјавата за својствата согласно со одредбите од овој закон. Производителот соработува со надлежниот орган за надзор на пазарот на негово барање и го информира за сите преземени активности за отстранување на ризикот од градежниот производ, пуштен на пазарот.

### Овластен застапник

### Член 16

(1) Производителот може со писмено овластување да определи овластен застапник.

(2) Изготвувањето на потребно техничко упатство за градежниот производ не е составен дел од овластувањето на овластениот застапник.

(3) Овластениот застапник ги извршува задачите определени во овластувањето. Овластувањето на овластениот застапник му дозволува да ги извршува најмалку следниве задачи:

а) ги става на располагање изјавата за својствата и техничкото упатство согласно со временскиот период согласно со членот 15 став (3) на овој закон;

б) на барање на надлежните органи за надзор на пазарот, овластениот застапник ги обезбедува сите потребни податоци и документи за докажување на сообразност на градежниот производ и тоа со изјавата за својствата и во согласност со другите барања од овој закон и

в) соработува со надлежните органи на надзор на пазарот, на нивно барање, за кое било дејство кое е потребно за отстранување на ризиците од градежните производи опфатени со овластувањето на овластениот застапник.

### Обврски на увозникот

### Член 17

(1) Увозникот пушта на пазар само градежни производи кои се во согласност со барањата утврдени со овој закон.

(2) Пред да го пуштат градежниот производ на пазарот, увозниците треба да обезбедат дека:

- оцената на постојаноста на својствата е извршена од страна на производителот,
- производителот изготвил технички упатства согласно со членот 10 од овој закон,
- изјавата за својствата е во согласност со членовите 8 и 9 од овој закон,
- доколку се бара, производот се означува со „CE“ ознака,
- производителот ги почитува условите утврдени во членот 15 ставови (4) и (5) од овој закон и
- изјавата за својства и техничкото упатство се напишани на македонски јазик.

(3) Кога увозникот има причини да се сомнева дека градежниот производ не е во согласност со изјавата за својствата или со барањата од овој закон, не смее да го пушти производот на пазарот се додека не е соодветен со изјавата за својствата и со барањата од овој закон или да се доведе до сообразност или да се измени приложената изјава за својствата.

(4) Доколку градежниот производ претставува ризик за здравјето на луѓето и животната средина, увозникот задолжително го информира производителот и надлежниот орган за надзор на пазарот.

(5) Увозникот е должен на градежниот производ што е пуштен на пазар, или кога тоа не е возможно на пакувањето или на документот кој го придружува, да го наведе своето регистрирано трговско име или регистрирана трговска марка и контакт адреса.

(6) Кога градежниот производ е достапен на пазарот, увозникот гарантира дека производот е придружен со изјава за својствата и технички упатства.

(7) Увозникот потврдува дека се додека градежниот производ е под негова одговорност, условите за чување и транспорт не ја загрозуваат неговата сообразност согласно со изјавата за својствата и согласно со барањата од овој закон.

(8) Увозникот е должен во случај кога е потребно да обезбеди прецизност и постојаност на пријавените својства на градежниот производ, да изврши тестирање на примероците на градежните производи кои се пуштени на пазарот или се достапни на пазарот, да води регистар на поплаки за неусогласени, односно несообразни и повлечени производи и за истото да го информира дистрибутерот.

(9) Увозникот кој смета или има причина да се сомнева дека градежниот производ кој го пуштил на пазарот, не е во согласност со изјавата за својствата или со барањата од овој закон, треба веднаш да преземе потребни мерки да го доведе градежен производ во сообразност, или да го отстрани или повлече од пазарот.

(10) Кога производот од ставот (9) на овој член претставува ризик за здравјето на луѓето и животната средина, увозникот е должен веднаш да преземе мерки да обезбеди сообразност за градежниот производ, да го повлече производот односно да осигура враќање на производот и за истото го информира надлежниот орган за надзор на пазарот.

(11) Увозникот, во рокот утврден во членот 15 став (3) од овој закон, чува примерок од изјавата за својствата и гарантира дека техничкото упатство е достапно на барање на надлежните органи за надзор на пазарот.

(12) Увозникот на барање на надлежниот орган за надзор на пазарот:

- ги обезбедува сите потребни податоци и документи за докажување на сообразност на градежниот производ и тоа со изјавата за својствата и во согласност со другите барања од овој закон и
- соработува за секоја преземена активност за отстранување на ризиците од градежниот производ кој е пуштен на пазарот од страна на увозниците.

## Обврски на дистрибутерот

## Член 18

(1) Кога градежниот производ е достапен на пазарот, дистрибутерот постапува во согласност со барањата од овој закон.

(2) Пред градежниот производ да биде достапен на пазарот, дистрибутерот мора да обезбеди дека:

- доколку се бара, производот е означен со „CE“ ознака;
- изјавата за својствата и техничкото упатство се приложени со градежниот производ;

- производителот и увозникот ги исполнуваат барањата утврдени во членот 15 ставовите (4) и (5) и членот 17 став (2) од овој закон и

- се исполнети одредбите од членовите 8 и 9 од овој закон.

(3) Кога дистрибутерот смета или има причина да се сомнева дека градежниот производ не е во согласност со изјавата за својствата или со барањата од овој закон, не смее да го пушти производот на пазарот се додека не го усогласи со изјавата за својствата и со барањата од овој закон или додека не се измени приложената изјава за својствата.

(4) Доколку градежниот производ од ставот (3) овој член, претставува ризик за здравјето на луѓето и животната средина, дистрибутерот е обврзан без одлагање, за истото да го информира производителот или увозникот, и надлежните органи за надзор на пазарот.

(5) Дистрибутерот потврдува се додека градежниот производ е под негова одговорност, дека условите за чување и транспорт не ја загрозуваат неговата сообразност согласно со изјавата за својствата и согласно со барањата од овој закон.

(6) Дистрибутерот кој смета или има причина да се сомнева дека градежниот производ кој го пуштил на пазарот, не е во согласност со изјавата за својствата или со барањата од овој закон, веднаш ги информира надлежните органи за надзор на пазарот, дека се преземени потребни мерки за да се доведе градежниот производ во сообразност.

(7) Кога градежниот производ од ставот (6) на овој член претставува ризик за здравјето на луѓето и животната средина, дистрибутерот веднаш ги информира надлежните органи за надзор на пазарот, наведувајќи податоци особено за несообразноста на производот.

(8) Дистрибутерот на барање на надлежниот орган за надзор на пазарот:

- ги обезбедува сите податоци и документи потребни за докажување на сообразноста на градежниот производ, со изјавата за својствата и согласно со другите барања од овој закон, на македонски јазик,

- ги известува за секоја преземена активност за отстранување на ризиците од градежниот производ кој е пуштен на пазарот.

## Случаи во кои обврските на производителите се применуваат кај увозниците и дистрибутерите

### Член 19

Увозникот или дистрибутерот се сметаат за производители согласно со членот 15 од овој закон, во случаи кога:

- пуштаат градежен производ на пазарот под свое име или заштитен знак или

- го менуваат градежниот производ кој е веќе пуштен на пазарот на начин производот да е усогласен со податоците од изјавата за својствата.

## Идентификација на економските оператори

### Член 20

За рокот утврден во членот 15 став (3) од овој закон, економските оператори, на барање на Европската комисија, се должни да ги достават податоците за:

а) секој економски оператор што им доставил градежен производ и

б) секој економски оператор на кој тие му доставиле градежен производ.

ГЛАВА VI
ХАРМОНИЗИРАНИ ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

**Хармонизирани стандарди**

**Член 21**

(1) Хармонизираните стандарди треба да бидат усвоени како национални стандарди од страна на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија.

(2) Список на национални хармонизирани стандарди за примена на хармонизирани стандарди, на барање на Министерството, ги подготвува и донесува Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија.

(3) Министерството го објавува списокот на национални хармонизирани стандарди во „Службен весник на Република Северна Македонија ".

(4) Списокот на национални хармонизирани стандарди го содржи следното:

а) упатувања за заменетите усогласени технички спецификации, доколку постојат;

б) датум на започнување на преодниот период и

в) датум на завршување на преодниот период.

(5) Министерството ги објавува сите промени настанати по објавување на списокот, согласно со ставот (3) на овој член, во „Службен весник на Република Северна Македонија ".

(6) Од датумот на започнување на преодниот период за прилогадување кон националниот хармонизиран стандард, економскиот оператор може да употреби хармонизиран стандард за да се изготви изјава за својствата на градежен производ кој е опфатен со него.

**Европски документ за оцена**
**(EAD) и објавување**

**Член 22**

(1) Во случај кога, градежен производ не е опфатен или не е целосно опфатен со национален хармонизиран стандард и за кој својствата за неговите основни карактеристики не можат да бидат целосно оценети со усогласениот хармонизиран стандард, на барање на производителот, Телото за техничка оцена изработува и донесува Европски документ за оцена и тоа кога:

а) производот не припаѓа во обемот на кој било усогласен хармонизиран стандард;

б) за најмалку една суштинска карактеристика на градежниот производ, методот на оцена предвиден во хармонизиран стандард не е соодветен или

в) хармонизираниот стандард не предвидува каква било метода на оцена во однос на најмалку една суштинска карактеристика на производот.

(2) Европски документ за оцена донесен од Телото за техничка оцена треба да е во согласност со членот 23 од овој закон.

(3) По консултација со Постојаниот комитет за градежништво од член 49 од овој закон, Министерството по потреба ги користи постоечките Европски документи за оцена како основа за овластувањата на Телото за техничка оцена и во согласност со членот 23 став (1) од овој закон со цел изготвување на хармонизираните стандарди на производите од ставот (1) на овој член.

(4) Европски документ за оцена, кој е донесен од Телото за техничка оцена го праќа документот до Министерството поради:

- негово спроведување,
- давање согласност после советувањето со Комисијата за градежните производи и
- објавување на список на Европски документи за оцена во „Службен весник на Република Северна Македонија ‟.

(5) Министерството ја објавува секоја промена на списокот на Европски документи за оцена во „Службен весник на Република Северна Македонија ‟.

## Начела за изготвување и донесување на Европски документ за оцена (EAD)

### Член 23

(1) Постапката за изготвување и донесување на Европски документ за оцена мора да:

а) е транспарентна за засегнатиот производител;

б) ги дефинира соодветните задолжителни рокови со цел да се одбегне неоправдано одлагање;

в) соодветно ја зема во предвид заштитата на трговската тајност и доверливост;

г) овозможува соодветно учество од страна на Министерството;

д) е економична за производителот и

ѓ) осигура соработка и координација меѓу Телото за техничка оцена назначени за односниот производ.

(2) Сите трошоци за изготвување и донесување на Европски документи за оцена се на товар на Телото за техничка оцена, заедно со организацијата на TABs.

## Обврски на TABs по примањето на европска техничка оцена (ETA)

### Член 24

(1) На барање на производителот, за издавање на европска техничка оцена, Телото за техничка оцена го информира барателот дали градежниот производ е целосно или делумно усогласен со техничката спецификација и тоа:

а) доколку производот е целосно опфатен со хармонизиран стандард, Телото за техничка оцена го информира производителот дека во согласност со членот 22 став (1) од овој закон, европска техничка оцена не може да се издаде;

б) доколку производот е целосно опфатен со Европски документ за оцена, Телото за техничка оцена го информира производителот дека таков документ е основа за да се издаде европска техничка оцена и

в) кога производот не е опфатен или не е целосно опфатен со ниту една техничка спецификација, Телото за техничка оцена ги применува постапките во согласност со членот 22 став (3) од овој закон.

(2) Во случаите од ставот (1) точки б) и в) на овој член, Телото за техничка оцена преку Министерството, како контакт точка за градежните производи, ја информира Европската комисија за содржината на барањето и на упатувањето кон соодветната одлука на Европската комисија за оцена и проверка на постојаност на својствата, која Телото за техничка оцена има намера да ја примени за производот или за тоа дека нема таква одлука на Европската комисија за оцена и проверка на постојаност на својствата.

(3) Доколку Европската комисија оцени дека не постои соодветно решение за оцена и потврда на постојаност на својствата за градежниот производ, се применува членот 28 од овој закон.

**Содржина на Европски документ**
**за оцена (EAD)**

**Член 25**

(1) Европскиот документ за оцена содржи, најмалку:

- општ опис на градежниот производ,
- список на податоци за суштински карактеристики соодветен за планираната употреба на производот како што предвидува производителот и како што е постигната согласност меѓу производителот и организацијата на TABs и
- методите и критериумите за оцена на својствата на производот во врска со овие суштински карактеристики.

(2) Со Европскиот документ за оцена се утврдуваат начелата за контрола на фабричко производство земајќи ги предвид условите на процесот на производство на градежниот производ.

(3) Својствата на суштинските карактеристики на производот може соодветно да се оценат со методи и критериуми кои се веќе воспоставени во други хармонизирани технички спецификации.

**Формални приговори на Европскиот документ за оцена (EAD)**

**Член 26**

(1) Доколку се смета дека Европскиот документ за оцена не ги задоволува барањата кои треба да се исполнат во врска со основните барања за градежниот објект согласно со членот 5 од овој закон, Министерството го изнесува случајот пред Постојаниот комитет за градежништво, изнесувајќи аргументи. Постојаниот комитет за градежништво, откако го консултирал Министерството, го доставува своето мислење без одлагање.

(2) Врз основа на мислењето на Постојаниот комитет за градежништво, Министерството одлучува да ги објави или да не ги објави, да ги објави со ограничување, задржување, задржување со ограничување или да ги повлече повикувањата на соодветните Европски документи за оцена во „Службен весник на Република Северна Македонија ".

(3) Министерството за одлуката на ставот (2) на овој член ја информира организацијата на TABs и доколку е потребно бара ревизија на соодветниот Европски документ за оцена.

**Европска техничка оцена (ETA)**

**Член 27**

(1) Европска техничка оцена се издава од страна на Телото за техничка оцена, на барање на производителот врз основа на Европски документ за оцена во согласност со одредбите на членовите 22 и 23 од овој закон и прописите за спроведување на овој закон.

(2) Во случај кога постои Европски документ за оцена, може да се издаде европска техничка оцена дури и во случај кога е во постапка донесувањето на хармонизирани стандарди. Издавањето е можно до денот на влегувањето во сила на техничкиот пропис во согласност со членот 24 од овој закон.

(3) Европската техничката оцена содржи податоци за својствата на градежниот производ по нивоа, класи, или описно за суштинските карактеристики кои се договорени меѓу производителите и Телото за техничка оцена кои го примаат барањето за Европска техничка оцена за пријавената планирана употреба и активностите кои треба да ги преземе економскиот оператор за спроведување на системот за оцена и потврда на постојаноста на својствата.

(4) Министерот ги пропишува:

- содржината и начинот за изработка на Европски документ за оцена и
- форма и содржина на европската техничка оцена.

(5) Системот за оцена и потврда на постојаност на својствата на градежните производи од хармонизирано и нехармонизирано подрачје во однос на нивните суштински карактеристики и поедноставени постапки ги пропишува министерот.

**Насловот и членот 28 се избришани,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за градежните производи ("Службен весник на РМ" бр.120/18).

## ГЛАВА VII
## ТЕЛА ЗА ТЕХНИЧКА ОЦЕНА

### Назначување, следење и оценување на Тело за техничка оцена

### Член 29

(1) Министерот именува Тело за техничка оцена на територијата на Република Северна Македонија, за една или неколку области на производи, согласно со член 33 и член 35 од овој закон.

(2) За именувањето на Телото за техничка оцена треба да бидат исполнети барања во однос на простории, опрема и кадар согласно со член 33 и член 35 од овој закон.

(3) По утврдување на исполнетост на барањата од ставот (2) на овој член се донесува решение во рок од триесет дена од денот на поднесувањето на барањето согласно со членот 38 од овој закон.

(4) Министерството за именувањето на Телото за техничка оцена ја известува Европската комисија за името и седиштето и областите на градежните производи за кои е именувано телото.

(5) Министерството на својата веб страница го објавува опсегот на акредитацијата и секоја промена на опсегот, за кои е именувано тело.

(6) Против актот за именување од ставот (2) на овој член, не е дозволена жалба, но може да се покрене управен спор.

### Барања и обврски за Телото за техничка оцена

### Член 30

(1) Телото за техничка оцена врши оцена на исполнетост на барањата на суштинските карактеристики на градежниот производ за што издава европска техничка оцена во област на производи за која е именуван.

(2) Телото за техничка оцена треба да ги исполнува барањата од член 33 и член 35 овој закон во рамките на опсегот на неговото именување.

(3) Телото за техничка оцена на својата веб страница го објавува органограмот и имињата на членовите на неговите внатрешни тела за донесување одлуки.

(4) Доколку Телото за техничка оцена повеќе не ги исполнува барањата од член 33 и член 35 од овој закон, Министерството го отповикува именувањето на телото за соодветната област на производи и за истото ја информира Европската комисија.

## Организација на Тела за техничка оцена

### Член 31

Заради меѓусебна соработка и координирање на постапките за оцена на исполполнетост на барањата за суштинските карактеристики на градежниот производ, Телата за техничка оцена може да формираат Комора за Тела за техничка оцена.

## Оцена и потврда на постојаност на својствата

### Член 31-а

(1) Оцената и потврдата на постојаноста на својствата на градежниот производ во врска со нивните суштински карактеристики се врши во согласност со еден од системите за оцена и потврда на постојаноста на својствата во согласност со подзаконските акти од овој закон.

(2) Во системите од ставот (1) на овој член, се земаат предвид оцената и потврдата на постојаноста на својствата на градежниот производ кои ги врши производителот или именуваното тело за оцена во согласност со подзаконските акти од овој закон.

(3) Постапките на оцена и потврда на постојаноста на својствата, кои во зависност од системите од ставот (1) на овој член, ги врши производителот се:

- оцена на својства на градежниот производ врз основа на тестирања (испитувања), (вклучувајќи земање примерок), пресметки, табеларни вредности или описна документација за производот,
- контрола на фабричкото производство и
- понатамошни тестирања на примерокот од градежниот производ на фабриката во согласност со пропишаниот план за тестирање.

(4) Постапките на оцена и потврда на постојаноста на својствата зависно од системите од ставот (1) на овој член, кои ги врши именуваното тело за оцена се:

- оцена на својства на градежниот производ врз основа на тестирања (испитувања), (вклучувајќи земање примерок), пресметки, табеларни вредности или описна документација за производот,
- постапки на оцена и потврда на својствата на градежните производи во однос на суштинските карактеристики: реакции на пожар, отпорност на пожар, својства при надворешен пожар, апсорпција на бучава, односно емисија на опасни материјали,
- почетен преглед на производниот погон и контрола на фабричкото производство,
- постојан надзор, оцена и вреднување на фабричкото производство и
- тестирање на примероци земени по случаен избор, пред да се пушти градежниот производ на пазарот.

ГЛАВА VIII
ИМЕНУВАНИ ТЕЛА

**Насловот и членот 32 се избришани,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за градежните производи ("Службен весник на РМ" бр.120/18).

**Надлежни органи за именување**

**Член 33**

(1) Министерството именува тела вклучени во процесот на оцена на сообразноста, кои се овластуваат за извршување на задачите од трети лица во процесот на оцена и потврда на постојаноста на својствата за целите на овој закон.

(2) Именувано тело од ставот (1) на овој член може да биде:

- Лабораторија за тестирање вклучена во постапката за оцена на својствата на градежниот производ,
- Лабораторија за тестирање вклучена во постапката за оцена и потврда на својствата на градежниот производ во однос на суштинските карактеристики: реакции на пожар, отпорност на пожар, својства при надворешен пожар, апсорпција на бучава, односно емисија на опасни материи,
- Тело за сертификација за контрола на фабричко производство за постапка за издавање на сертификат за сообразност на контролата на фабричко производство и
- Тело за сертификација за производ за постапка за издавање на сертификат за постојаност на својствата на производот.

**Обврска за информирање за земјите-членки**

**Член 34**

Министерството ја информира Европската комисија за начинот на оцена и именување на телата кои треба да извршуваат задачи за трети лица во процесот на оцена и потврда на постојаност на својствата и следењето на именуваните тела и за какви било промени на истите.

**Услови за именување на тела**

**Член 35**

(1) За да биде именувано, телото мора да ги исполнува условите утврдени во ставовите (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14) и (15) на овој член.

(2) Именуваното тело треба да е основано во Република Северна Македонија и да има својство на правно лице.

(3) Именуваното тело мора да биде акредитирано во согласност со Законот за акредитација.

(4) Именуваното тело е трето лице, независно од производителот или од градежниот производ кој го оценува. Телото кое е во состав на деловно здружение или професионален сојуз, кое ги претставува претпријатијата кои се вклучени во проектирање, производство, набавка, монтажа, употреба или одржување на градежните производи кои ги оценува, може да се смета за именувано тело, под услов да ја докаже самостојноста и отсуство на каков било судир на интереси.

(5) Именуваното тело, неговиот орган за управување и кадарот кој е одговорен за извршување на задачи за трети лица, во процесот на оцена и потврда на постојаноста на својствата не смее да е проектант, одговорен инженер за надзор, производител, добавувач, монтер, купувач, сопственик, корисник или одржувач на градежните производи кои ги оценува, ниту овластен застапник. Ова не ја исклучува употребата на оценет градежен производ за работењето на именуваното тело или употребата за сопствени потреби.

(6) Именуваното тело, неговиот орган за управување и кадарот кој е одговорен за извршување на задачи за трети лица во процесот на оцена и потврда на постојаноста на својствата не смее директно да биде вклучено во проектирање, производство или изведување, маркетинг, монтажа, употреба или одржување на овие градежни производи, ниту да ги претставува страните кои се ангажирани во овие активности. Именуваните тела не смеат да се ангажираат во активности кои може да бидат во судир на интереси со нивната самостојност на одлучување во активностите за кои се именувани, особено за консултантски услуги.

(7) Именуваното тело треба да гарантира дека активностите на неговите подружници или подизведувачи не влијаат на доверливоста, објективноста и непристрасноста при оцена и/или проверка својствата на градежниот производ.

(8) Именуваното тело и неговиот кадар треба да ги извршуваат задачите за трети лица во процесот на оцена и потврда на постојаност на својствата со највисок степен на професионален интегритет и задолжителна техничка способност во посебни области и мора да се ослободени од притисоци и сомневање, особено финансиски, кои може да влијаат врз нивното одлучување или врз резултатите од нивната оцена и/или потврда, особено од лица или група на лица кои имаат интерес за резултатите на овие активности.

(9) Именуваното тело треба да е подготвено да ги изврши сите задачи за трети лица во процесот на оцена и потврда на постојаност на својствата согласно со член 28 од овој закон и прописите за спроведување на овој закон, без разлика дали овие задачи се спроведени од страна на самото именувано тело или во негово име и под негова одговорност.

(10) Во секое време и за секој систем на оцена и потврда на постојаноста на својствата и за секој вид или категорија на градежни производи, суштинските карактеристики и задачи за кои е именувано, телото мора да располага со следното:

а) кадар со техничко знаење и задоволително и соодветно искуство за извршување на задачи во процесот на оцена и потврда на постојаноста на својствата;

б) опис на постапките со кои е извршена оцена на својствата, при што се гарантира транспарентност и способност за повторување на тие постапки, поседување соодветни политики и постапки со кои се разликуваат задачите што ги спроведува како именувано тело од другите активности и

в) постапки за извршување на активностите земајќи ја во предвид големината на претпријатието, секторот во кој работи, структурата, степенот на сложеност на технологија на производство, масовната или сериската природа на производствениот процес.

(11) Именуваното тело мора да има соодветни средства за вршење на технички и управувачки задачи поврзани со дејноста за кои е именувано и да има пристап до целокупната потребна опрема.

(12) Кадарот одговорен за извршување на активностите за кои е именувано телото, мора да го поседува следното:

а) соодветна техничка и стручна обука која ги опфаќа сите активности за трети лица во процесот на оцена и потврда на постојаност на својствата во рамки на обемот за кој е именувано телото;

б) сертификат за обука за познавање на барањата при оцена и потврда на својствата на градежниот производ за кој се спроведува, како и соодветно овластување за спроведување на таквите активности;

в) сертификат за обука за познавање на барањата за применливите хармонизирани стандарди и соодветни одредби од овој и други закони и

г) способност за изготвување на сертификати и извештаи со кои се докажува дека е извршена оцената и потврдата на својствата на градежниот производ.

(13) Именуваното тело, неговиот орган за управување и кадар одговорен за оцена и потврдата на постојаност на својствата треба да се непристрасни во своето работење.

(14) Именуваното тело мора да има осигурување за професионална одговорност за вршење на својата дејност.

(15) Кадарот на именуваното тело мора да обезбеди деловна тајност во однос на сите информации кои се добиени при извршувањето на задачите согласно со овој закон и прописите за споведување на овој закон, вклучувајќи и заштита на правата на сопственост.

(16) Именуваното тело мора да обезбеди соодветна информираност на кадарот, заради извршување на нивните задачи во рамки на именуваното тело.

(17) Службеното лице од Министерството кое ја води постапката по службена должност ги прибавува доказите од ставовите (2), (10), (11) и (13) на овој член во рок од три работни дена од поднесувањето на барањето од надлежен јавен орган.

(18) Службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (16) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(19) Министерството по поднесено барање, за барателите кои ги исполнуваат условите утврдени во ставовите (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14) и (15) на овој член издава решение за именување на тело.

## Претпоставка за сообразност

### Член 36

Телото кое е именувано да извршува задачи за трети лица во процесот на оцена и потврда на постојаност на својствата, со кои се докажува неговата сообразност со барањата утврдени во соодветните хармонизирани стандарди или делови од истите, се претпоставува дека е усогласено со условите утврдени во членот 35 од овој закон, се додека применливите хармонизирани стандарди ги исполнуваат тие барања.

**Подружници и подизведувачи на именувани тела**

**Член 37**

(1) Кога именуваното тело склучува поддоговор со задачи за трети лица во процесот на оцена и потврда на постојаност на својствата на градежните производи или тие задачи ги доверува на подружницата, именуваното тело гарантира дека подизведувачот или подружницата ги исполнуваат условите утврдени во членот 35 од овој закон и соодветно го информира Министерството.

(2) Именуваното тело презема целосна одговорност за работи кои ги извршуваат подизведувачите или подружниците.

(3) Договорените или извршени задачи од страна на подружницата може да се реализираат само во договор со нарачателот.

(4) Документацијата, која се однесува на оцена на квалификациите на секој подизведувач или подружница и задачите извршени од страна на истите, именуваното тело ја става на располагање на Министерството. Именуваното тело ја става на располагање на Министерството соодветната документација, која се однесува на оцена на квалификациите на секој подизведувач или подружница и задачите извршени од страна на истите согласно со овој закон.

**Поднесување на барање за именување**

**Член 38**

(1) Барањето за именување, односно за вршење на задачи за трети лица во процесот на оцена и потврда на постојаноста на својствата се доставува до Министерството.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член треба да е придружено со опис на активностите кои треба да ги извршува, постапката за оцена и/или потврда за кои телото тврди дека е надлежно, сертификат за акредитација со опсег на акредитација издадена од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија и докази за исполнување на условите утврдени во членот 35 од овој закон.

**Обврски за известување за именувани тела**

**Член 39**

(1) Министерството за именуваните тела ја известува Европската комисија, со употреба на електронско известување, а во случаи кога електронското известување не е достапно, праќа копија во хартија.

(2) Известувањето за именување треба да ги содржи сите податоци за активностите кои треба да ги извршат именуваните тела, со упатување кон соодветната хармонизирана техничка спецификација и за целите на системот утврдени во членовите 27 и член 31-а од овој закон за кои е именувано телото. Во известувањето не треба да се упатува на хармонизирана спецификација.

(3) Кога известувањето за именување од ставот (1) на овој член не се заснова на сертификат за акредитација согласно со членот 38 став (3) од овој закон, Министерството на Европската комисија и ги доставува сите докази кои ја

потврдуваат стручноста на именуваното тело и договорите за работа на именуваното тело со кое се гарантира дека ги исполнува условите од членот 35 од овој закон, како и дека редовно ќе ја следи активноста.

(4) Телото за кое е доставено известување за именување, може да ги извршува активностите само доколку нема приговори од страна на Европската комисија и тоа во рок од 14 дена од денот на известувањето за именување во случај кога поседува сертификат за акредитација, или во рок од 60 дена од известувањето за именување дека не е употребен сертификат за акредитација.

(5) За сите настанати промени по именување на телото, а во случај доколку има приговори од ставот (4) на овој член, Министерството ја известува Европската комисија.

**Броеви за идентификација и списоци**
**на именувани тела**

**Член 40**

(1) Министерството доделува број за идентификација на секое именувано тело.

(2) Министерството, на својата веб страницата го објавува списокот на тела кои се именувани согласно со овој закон, вклучувајќи ги броевите за идентификација и задачите за кои се именувани.

(3) Министерството ја објавува секоја промена на списокот од ставот (2) на овој член.

**Ограничување или повлекување**
**на именувањето**

**Член 41**

(1) Доколку Министерството утврди или е информирано дека именуваното тело повеќе не ги исполнува условите од членот 35 од овој закон или дека не ги исполнува своите обврски, Министерството го ограничува или повлекува решението за именувањето, во зависност од степенот на неисполнувањето на условите или обврските.

(2) Во случај кога именуваното тело не ги исполнува условите од членот 35 ставови (12), (13), (14) и (15) од овој закон, Министерството донесува решение за ограничување на работа на именуваното тело на период од три месеци.

(3) Доколку по истекот на рокот од ставот (2) на овој член именуваното тело не ги отстрани недостатоците по однос на условите од членот 35 ставови (12), (13), (14) и (15) од овој закон, Министерството донесува решение за повлекување на решението за именување.

(4) Во случај кога именуваното тело не ги исполнува условите од членот 35 ставови (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10) и (11) од овој закон, Министерството донесува решение за повлекување на решението за именување.

(5) Против решението од ставовите (3) и (4) на овој член може да се поведе управен спор.

(6) Во случај на ограничување, укинување или повлекување на решението за именувањето или кога именуваното тело ја прекине својата активност, Министерството презема мерки, со кои активностите на телото ќе бидат процесуирани од страна на друго именувано тело или да се достапни за Министерството и за надлежниот орган за надзор на пазарот.

## Оспорување на способноста и стручност на именуваните тела

### Член 42

(1) Министерството ги испитува сите случаи кога има причина да се сомнева или кога има добиено пријава за сомневање во врска со стручноста на именуваното тело или континуираното исполнување на условите и одговорноста на именуваното тело.

(2) Министерството на барање на Европската комисија ги обезбедува сите информации кои се поврзани со основите за именување или одржување на стручноста на засегнатото тело.

(3) Министерството гарантира дека со сите добиени информации кои се во насока на нејзините истражувања се однесува доверливо.

(4) Доколку Министерството утврди дека именуваното тело не ги исполнува условите за именување од ставот (1) на овој член, ја информира Европската комисија за преземање мерки за отстранување на неправилностите или повлекување на решението за именување.

(5) Министерството по утврдените неправилности кај именуваното тело го информира надлежниот орган за акредитација за повторна контрола на издадениот сертификат за акредитација согласно со Законот за акредитација.

## Обврски за именуваните тела

### Член 43

(1) Именуваните тела извршуваат задачи за трети лица согласно со системите за оцена и потврда на постојаност на својствата утврдени во член 31-а од овој закон.

(2) Оцената и потврдата на постојаност на својствата се вршат транспарентно во однос на производителот, одбегнувајќи непотребно оптоварување на економските оператори. Именуваните тела ги извршуваат своите активности земајќи ја во предвид големината на претпријатието, секторот во кој работи, структурата, степенот на сложеност на одредена производна технологија и големината или сериската природа на производниот процес. Притоа, именуваните тела мора да ги почитуваат суштинските карактеристики на градежните производи утврдени согласно со овој закон и функцијата која градежниот производ ја има при исполнување на основни барања за градежните објекти.

(3) Доколку, при првична проверка на производствениот погон и контрола на фабричкото производство, именуваното тело утврди дека производителот не ја обезбедил постојаноста на својствата на производот, тогаш бара од производителот да ги преземе сите потребни дејствија да го доведе градежниот производ во согласно со барањата на овој закон и не издава сертификат.

(4) Доколку, во текот на следењето на активностите за потврда на постојаноста на својствата на градежниот производ, именуваното тело утврди дека градежниот производ повеќе ги нема истите својства за типот на производот, тогаш производителот треба да преземе соодветни мерки, а именуваното тело може да го укине или повлече сертификатот.

(5) Кога од страна на производителот не се преземени соодветни мерки за одржување и потврда на постојаноста на својствата на градежниот производ согласно со барањата на стандардот за градежниот производ или преземените мерки ја немаат потребната ефикасност, именуваното тело привремено го суспендира или повлекува сертификатот за производот.

**Член 44**

(1) Именуваните тела го информираат Министерството за:

а) секое одбивање, ограничување, престанок или повлекување на сертификатите за градежните производи;

б) за секој издаден сертификан за градежните производи;

в) сите околности кои влијаат врз опсегот и условите за именување согласно со членот 38 од овој закон и

г) секое барање за известување за извршената оцена и/или проверка за постојаност на својствата кои ги добиле од надлежните органи за надзор на пазарот.

(2) Именуваните тела на барање на Министерството, без одлагање, го известуваат за задачите за трети лица, во согласност со системите за оцена и потврда на постојаност на својствата извршени во рамките на обемот на нивната акредитација и за сите други извршени активности, вклучувајќи преку гранични активности и поддоговарања.

(3) Именуваното тело без одлагање доставува информации за проблемите кои произлегуваат од негативните или позитивните резултати од оцените и/или потврдите до другите именувани тела кои вршат слични задачи за трети лица во согласност со системите за оцена и потврда на постојаност на својствата за градежните производи опфатени со истата хармонизирана техничка спецификација.

ГЛАВА IX
ПОСЕБНИ ПОСТАПКИ

**Член 45**

(1) Градежен производ од хармонизирано подрачје кој се увезува се смета за сообразен согласно со одредбите од овој закон, во случаи кога:

- градежниот производ е означен со „CE“ ознака и придружен со Изјава за својства, техничко упатство и сертификати за сообразност издадени од страна на нотифицирано тело регистрирано во ЕУ, согласно со пропишаниот систем за оцена и потврда на постојаноста на својствата на производот согласно со hEN и EAD или

- градежниот производ е придружен со Изјава за својства, техничко упатство и сертификати за сообразност издадени од страна на именувано тело на земјата производител согласно со пропишаниот систем за оцена и потврда на постојаноста на својствата на производот согласно со hEN и EAD, признаено во Република Северна Македонија и

- градежниот производ е придружен со Изјава за својства, техничко упатство и сертификати за сообразност извршени од страна на именувано тело на земјата увозник.

(2) Градежен производ од нехармонизирано подрачје кој се увезува се смета за сообразен согласно со македонските национални стандарди и македонските технички прописи и стандарди, во случаи кога:

- градежниот производ е придружен со Изјава за својства, техничко упатство и сертификати за сообразност извршени од страна на именувано тело на земјата увозник или

- градежниот производ е придружен со Изјава за својства, техничко упатство и сертификати за сообразност извршени од страна на именувано тело на земјата производител, признаени во Република Северна Македонија.

(3) За да се утврди дали е обезбедено нивото на сообразност од ставовите (1) и (2) на овој член, надзорниот орган за контрола на пазарот, преку Министерството, може да побара дополнителни информации од земјата производител за одредбите според која спецификација треба да се изврши тестирањето и оцената на сообразност, може да побара и дополнителни информации за нотифицирано-именуваното тело вклучено во процесот за оцена и потврда на сообразност. Во случај на сомневање на квалитетот на градежниот производ, Министерството ја известува Европската комисија.

(4) Република Северна Македонија  сите тестирања и сертификати за сообразност, издадени во согласност со ставовите (1), (2) и (3) на овој член, ги смета за веродостојни, доколку ги издале нотифицирано/именуваните тела, вклучени во постапката за потврда на сообразноста, регистрирани во базата на ЕУ или признаени и регистрирани во Република Северна Македонија .

## Постапка за справување на национално ниво со градежни производи кои претставуваат ризик

### Член 46

(1) Доколку градежниот производ кој е опфатен со хармонизиран стандард или за кој е издадена европска техничка оцена не го постигнува пријавеното својство и претставува ризик за исполнување на основните барања за градежните објекти од членот 5 од овој закон, надлежниот орган за надзор на пазарот презема дејство за  оценување на производот согласно со барањата утврдени со овој закон и подзаконските акти утврдени со овој закон. Кога е потребно, економскиот оператор соработува со надлежниот орган за надзор на пазарот.

(2) Кога во постапката за оцена на градежниот производ, надлежниот орган за надзор на пазарот согледа дека градежниот производ не соодветствува со барањата утврдени во овој закон и подзаконските акти утврдени со овој закон, без одлагање бара од соодветниот економски оператор да ги преземе сите потребни дејствија да го доведе производот во согласност со барањата со овој закон и подзаконските акти утврдени со овој закон, а особено со пријавените својства или да го повлече производот од пазарот или да го отстрани во рок од 30 дена сразмерно со природата на ризикот.

(3) Надлежниот орган за надзор на пазарот треба за истото да го информира именувано тело, доколку во постапка за оценување е вклучено.

(4) Кога надлежниот орган за надзор на пазарот има причини да се сомнева дека неусогласеноста од ставот (1) на овој член не е само на територија на Република Северна Македонија , преку Министерството ја информира Европската комисија за податоците за неусогласеноста и нехармонизираноста и за дејствијата побарани од економскиот оператор.

(5) Информациите од ставот (4) на овој член ги вклучуваат сите податоци, особено податоците за нехармонизираноста на градежниот производ, потеклото на градежниот производ, природата на нехармонизираност и вклучениот ризик, природата и времетраењето на мерките кои се преземени како и доказите кои се доставени до соодветниот економски оператор. Надлежниот орган за надзор на пазарот посебно наведува дали нехармонизираноста се должи на следново:

а) недостаток на градежниот производ за да го постигне пријавеното својство и/или да ги исполни условите кои се однесуваат на исполнување на основни барања за градежните објекти утврдени во овој закон и

б) недостатоци во хармонизираните технички спецификации или во посебната техничка документација.

(6) Министерството, без одлагање за добиените приговори од економскиот оператор, ја информира Европската комисија за сите донесени мерки и за сите дополнителни информации со кои располага, а кои се однесуваат на неусогласеноста на градежниот производ и во случај на неусогласеност со објавената мерка.

(7) Доколку во рок од 15 дена од денот на доставување на информацијата од ставот (6) на овој член нема поднесено приговор од Европската комисија во однос на донесената мерка во врска со градежниот производ, мерката се смета за оправдана.

(8) Министерството без одлагање презема мерки во однос на градежниот производ кој претставува ризик за здравјето и безбедноста на луѓето и животната средина согласно со членот 46 став (2) од овој закон.

**Хармонизирани градежни производи кои сепак претставуваат ризик за здравјето и безбедноста**

**Член 47**

(1) Во случај, кога по извршеното оценувањето од членот 46 став (1) од овој закон, Министерството утврди и покрај тоа што градежниот производ е хармонизиран согласно со одредбите од овој закон, сепак претставува ризик за исполнувањето на основните барања за градежните објекти, за здравјето и безбедноста на луѓето или за други аспекти од јавен интерес за заштита треба да побара од економскиот оператор да ги преземе сите мерки со кои гарантира дека градежниот производ кога се пласира на пазарот повеќе не претставува ризик, да го повлече градежниот производ од пазарот или да го врати назад во рок од 60 дена.

(2) Економскиот оператор треба да ги преземе сите активности да го доведе производот во согласност со барањата на овој закон во однос на сите градежни производи што се пуштени на пазарот.

(3) Министерството веднаш ја информира Европската комисија за преземените активности од ставот (1) на овој член. Информацијата ги содржи сите податоци кои се потребни за идентификација на градежниот производ, потеклото и ланецот на набавки на производот, природата на вклучениот ризик и природата и времетраењето на преземените мерки од страна на надлежниот огран за надзор на пазарот.

**Формална нехармонизираност**

**Член 48**

(1) Кога Министерството ќе утврди дека не се настанати некои од ситуациите од членот 46 од овој закон, меѓутоа се настанати некои од следните случаи, треба да побара од економскиот оператор да ги отстрани истите и тоа доколку:

а) „CE“ ознака е ставена во спротивност на членовите 11 и 12 од овој закон;

б) „CE“ ознака не е ставена во согласност со членот 11 став (2) од овој закон;

в) без да е во спротивност со членот 8 од овој закон изјавата за својствата не е изготвена во согласност со барањата од членот 14 од овој закон;

г) изјавата за својствата не е изготвена во согласност со членовите 8, 9 и 10 од овој закон и

д) техничките упатства не се достапни или не се целосни во согласност со членот 10 од овој закон.

(2) Кога нехармонизираноста од ставот (1) на овој член продолжува Министерството преку надлежниот орган за надзор на пазарот презема мерки со кои ја ограничува или забранува достапноста на пазарот на градежниот производ или да обезбеди дека градежниот производ е вратен назад или повлечен од пазарот.

**Постојан комитет за градежништво**

**Член 49**

Заради учество во работата на Постојаниот комитет за градежништво формиран од Европската комисија, министерот именува еден постојан член и негов заменик во Постојаниот комитет за градежништво кој е основан од Европската комисија.

ГЛАВА X

НАДЗОР НА ПАЗАРОТ, КОНТРОЛА И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР СО ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 50**

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и на прописите кои произлегуваат од него, врши Министерството.

**Член 51**

(1) Инспекциски надзор над спроведување на одредбите кои се однесуваат на барањата од овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон, во врска со градежните производи, кои биле пуштени на пазарот, врши Државниот пазарен инспекторат.

(2) Државните пазарни инспектори, освен овластувања и мерки, кои произлегуваат од одделни прописи и се однесуваат на нивната работа, врз основа на овој закон, ги имаат следниве овластувања:

- да ги бараат од економските оператори сите потребни податоци и да вршат увид во издадените документи за сообразност, како и во техничката документација на градежните производи,
- да вршат соодветни прегледи и тестирање на градежните производи во поглед на сообразноста со техничките спецификации после пуштање на пазарот или на располагање,
- бесплатно да земаат примероци од градежни производи и ги предаваат за оценка на сообразноста и
- да одредат повлекување на документите за сообразност за несообразните градежни производи.

(3) Доколку Државниот пазарен инспекторат не располага со соодветен стручен кадар или опрема за спроведување на прегледот или испитување од ставот (2) на овој член, спроведувањето на поедини активности во рамки на инспекцискиот надзор може да го даде на стручна установа, која е именувано акредитирано тело,

која не била вклучена во испитување, оцена и проверка на постојаноста на својствата на истиот градежен производ пред пуштање на пазарот или располагање.

(4) Доколку државниот пазарен инспектор утврди дека е сторена повреда на одредбите од овој закон и техничките прописи, ќе се донесе решение со кое ќе:

- нареди отстранување на утврдените несообразности и определи рок за отстранување,

- нареди градежните производи да се означат со пропишаните знаци за сообразност, односно нареди отстранување на недозволените знаци за сообразност,

- забрани пуштање на пазарот несообразни градежни производи, го ограничи прометот или нареди повлекување од пазарот и спроведува мерки, кои гарантираат забраната да биде почитувана,

- времено забрани секакво доставување, понуди за доставување или изложување на градежните производи во период кој е потребен за извршување на разни прегледи и тестови, веднаш штом се појави основано сомнение дека тие градежни производи се несообразни со прописите.

(5) Контролата на градежниот производ при вградување во градежни објекти е во надлежност на изведувачот на објектот, надзорниот инженер на градилиште и градежниот инспектор, согласно Законот за градење..

(6) При увоз на градежните производи, контролата ја врши Министерството за финансии – Царинска управа во соработка со Државниот пазарен инспекторат, согласно Законот за надзор над пазарот.

**Член 52**

(1) Трошоците за инспекциски надзор, кои се однесуваат на трошоци за анализи, во случај да завршиле негативно за економскиот оператор, се на товар на економскиот оператор.

(2) Против решението на државниот пазарен инспектор, издадено за извршување на овластувањата од членот 51 од овој закон, дозволена е жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државна комисијата за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, но жалбата не го одложува извршувањето.

**Член 53**

Начинот на известување на други држави, односно меѓународни субјекти за преземените мерки на надлежниот орган за надзор на пазарот, за ограничувањето на пуштање на градежни производи на пазар, односно за нивното повлекување од пазар поради заштита на јавниот интерес.

**Прекршочни одредби**

**Член 54**

(1) Глоба во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му изрече за прекршок на правното лице на мал трговец, од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност на правното лице на среден трговец и од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност на правното лице на голем трговец, ако:

- пушти на пазар градежен производ во спротивност со членовите 5, 8, 9, 11, 12 и 21 од овој закон,

- даде изјава за својствата на градежниот производ во спротивност со членот 8 од овој закон,

- не го означи градежниот производ во согласност со членовите 11 и 12 од овој закон,

- додели европска техничка согласност во спротивност со членовите 21 и 23 од овој закон,

- во атестирање на сообразност вклучи тела за сертификација спротивно на членовите 29, 32 и 35 од овој закон,

- изврши задача на телото вклучено во атестирање на сообразноста, без решение од членовите 29, 32, 35 и 38 од овој закон и

- не постапува во согласност со решенијата на пазарниот инспектор од членовите 50 и 51 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 50 до 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) За прекршоците од ставот (1) на овој член, државниот пазарен инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, пред да поднесе барање за поведување прекршочна постапка согласно со Законот за прекршоците.

(4) Прекршочниот платен налог содржи лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патната исправа и држава, а за правно лице назив, седиште и даночен број, местото и времето на сторување на прекршокот, правната квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметката за плаќање и правна поука.

(5) По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог, сторителот на прекршокот е должен да ја плати глобата изречена согласно со ставовите (1) и (2) на овој член, во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

(6) Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (5) на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

(7) Во постапката која ќе заврши со плаќање на прекршочен платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.

(8) Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата во рокот од ставот (5) на овој член, државниот пазарен инспектор поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд.

(9) Кога прекршокот од ставот (1) на овој член е сторен со цел сторителот за себе или за друго лице да прибави имотна корист или прекршокот е сторен од организирана група на лица или во текот на календарската година сторителот го повтори прекршокот од ставот (1) на овој член, надлежниот суд може да изрече глоба во висина од 10.000 евра во денарска противвредност.

(10) Доколку постои опасност правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член да изврши повторен прекршок може да му се изрече санкција забрана за вршење дејност во траење од една до две години.

(11) За прекршокот од ставот (1) алинеја 1 на овој член ќе се изрече прекршочна мерка конфискација на имот и имотната корист, која е остварена со сторување на овој прекршок.

(12) Државниот пазарен инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(13) Во евиденцијата од ставот (12) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(14) Личните податоци од ставот (13) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(15) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот за економија.

(16) За прекршоците од овој член прекршочна постапка и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

**Член 54-а**

(1) Глоба во износ од 50 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице, односно трговец поединец за дејствијата од членот 54 од овој закон.

(2) За прекршоците од ставот (1) на овој член прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

**Член 55**

Одмерувањето на висината на глобата на правното лице се врши согласно Законот за прекршоци.

**Член 55-а**

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице од Министерството ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членот 35 став (16) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членот 35 став (17) од овој закон.

(3) За прекршоците од ставовите (1) и (2) од овој член прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

ГЛАВА XI

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 56**

Прописите утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 57**

(1) Градежните производи кои се пуштени на пазарот во согласност со Законот за градежните производи („Службен весник на Република Македонија" број 39/2006, 86/2008, 47/11, 136/11 и 164/13), може да се употребуваат до денот на влегувањето во сила на подзаконските акти од членот 56 од овој закон.

(2) Изјава за сообразност или декларација за сообразност, која е издадена во согласност со Законот за градежните производи („Службен весник на Република Македонија" број 39/2006, 86/2008, 47/11, 136/11 и 164/13) продолжува да важи до влегувањето во сила на подзаконските акти од членот 56 од овој закон.

**Член 58**

(1) Со денот на пристапување на Република Македонија во Европската Унија или со потпишување на АКА Протокол, почнуваат да се применуваат одредбите од членовите 11, 12, 20, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 29, 34, 39, 42 ставови (2) и (4), 45, 47, 48, 49 и 60 од Законот за градежните производи („Службен весник на Република Македонија" број 104/15, 192/15 и 53/16).

(2) Одредбите на членот 8 став (2), членот 11 став (8) и членот 13 од Законот за градежните производи („Службен весник на Република Македонија" број 104/15, 192/15 и 53/16) ќе се применуваат до пристапување на Република Македонија во Европската Унија или со потпишување на АКА Протокол.

**Член 59**

(1) Тела за атестирање на сообразност именувани согласно со Законот за градежните производи („Службен весник на Република Македонија" број 39/2006, 86/2008, 47/11, 136/11 и 164/13), продолжуваат да ја вршат својата работа како именувани тела.

(2) Телата од ставот (1) на овој член се должни да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, најдоцна до истекот на рокот од две години од денот на влегувањето на сила на овој закон.

(3) Доколку телото од ставот (1) на овој член не го усогласи своето работење со барањата на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, во рок од став (2) од овој член решението за именување престанува да важи.

**Член 60**

Министерот ќе го именува членот и заменик членот на Постојниот комитет за градежништво во рок од една година од денот на влегувањето во сила на закон.

**Престанок на важење**

**Член 61**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за градежните производи („Службен весник на Република Македонија" број 39/2006, 86/2008, 47/11, 136/11 и 164/13).

**Влегување во сила**

**Член 62**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
## од Законот за изменување и дополнување
## на Законот за градежните производи
## ("Службен весник на РМ" бр.192/15)

**Член 4**

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесе најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
## од Законот за изменување и дополнување
## на Законот за градежните производи
## ("Службен весник на РМ" бр.53/16)

**Член 3**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
## од Законот за изменување и дополнување
## на Законот за градежните производи
## ("Службен весник на РМ" бр.120/18)

**Член 26**

(1) Економскиот оператор кој пушта на пазар градежен производ од хармонизираното подрачје е должен своите производи да ги усогласи согласно со одредбите од овој закон до 30 септември 2018 година.

(2) Економскиот оператор кој пушта на пазар градежни производи од нехармонизираното подрачје, согласно со членот 13 од овој закон, е должен да изработи македонски национален стандард (согласно со членот 8 став (2) од овој закон) усвоен како национален стандард од страна на Институтот за стандардизација на Република Македонија во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Економскиот оператор кој пушта на пазар градежни производи од нехармонизираното подрачје, согласно со членот 13 од овој закон, по усвојувањето на македонски национален стандард е должен своите производи да ги усогласи во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 27**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ЗАВРШНА ОДРЕДБА
## од Законот за изменување и дополнување
## на Законот за градежните производи
## ("Службен весник на РСМ" бр.150/21)

**Член 13**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.